ПЗМ

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

МЕЃУНАРОДНА ПСИХИЈАТРИСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

*„СТРЕС И АНКСИОЗНИ РАСТРОЈСТВА НИЗ РАЗЛИЧНИ ЖИВОТНИ ФАЗИ“*

INTERNATIONAL PSYCHIATRIC CONFERENCE

*“STRESS AND ANXIETY DISORDERS ACROSS THE LIFESPAN”*

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

29-31 Октомври 2015
Хотел „Инекс Горица“ Охрид
Република Македонија

29-31 October 2015
Hotel “Inex Gorica” Ohrid

them had a score over 24 which indicates expressed depression.

Conclusion: Depression and anxiety are prevalent in patients with somatic diseases, but untreated even in the secondary healthcare.

**Key words:** internal medicine, anxiety, depression, Hamilton.

**П.5.2**

**РЕЗИЛИЕНТНОСТ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ КАЈ ЖЕНИ ЛЕКУВАНИ ОД РАК НА ДОЈКА**

**[1]Ристевска-Димитровска Г., [1]Филов И., [1]Рајчановска Д., [1,2]Стефановски П., [3]Дејанова Б.**

*[1] Висока медицинска школа, Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола*

*[2] Клиничка болница „Д-р. Трифун Пановски" Битола*

*[3] Институт за физиологија, Медицински факултет Скопје*

**Вовед:** Значителен број на пациенти со рак на дојка, во тек на животот со дијагнозата, доживуваат емоцинално страдање во форма на депресивност и анксиозност, што влијае на квалитетот на живот на пациентите. Психолошката резилиентност претставува способност на личноста да го заштити своето ментално здравје кога е соочена со неповолна околност како што е дијагнозата рак. Во оваа студија, ја истраживме врската помеѓу психолошката резилиентност и квалитетот на живот кај 218 жени лекувани од рак на дојка.

Материјал и методи: Во истражувањето партиципираа 218 испитанички, пациентки лекувани од рак на дојка во онколошкото одделение во Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски" од Битола и на Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија во Скопје, кои одговорија на прашалниците Конор - Давидсон скала за резилиентност и прашалниците за квалитет на живот EORTC - QLQ Core 30, и модулот за рак на дојка BR-23.

Резултати: Испитуваната корелација меѓу резилиентноста и функционалните скали: глобален квалитет на живот, функционирање во улога, физичко, емоционално, социјално и когнитивно функционирање покажа дека меѓу овие параметри постои позитивна, статистички сигнификантна поврзаност. Помеѓу симптомите како тежина на заморот, наузеја и вомитус, диспнеја, јачина на болка, инсомнија, губиток на апетит, констипација, дијареја, финансиски потешкотии и резилиентноста на пациентките лекувани од рак на дојка постои негативна, статистички сигнификантна корелација. Помеѓу вредностите на скалата за сликата за сопственото тело, скалата за перспектива за иднината, и вредностите на скалата за резилиентност постои сигнификантна корелација со позитивна насока. Негативна сигнификантна корелација постои помеѓу резилиентноста и јачината на изразеност на несаканите дејства од примената на системска терапија, интензитетот на симптомите од дојка и рака и интензитетот на вознемиреност заради губиток на коса.

Заклучок: Оваа студија покажува дека психолошката резилиентност е поврзана со различните аспекти на квалитет на живот, така што пациентките кои имаат повисоки резултати на скалата за резилиентност имаат подобри резултати на различните аспекти на квалитет на живот и обратно. Разни психосоцијални интервенции за зајакнување на психолошката резилиентност, може да бидат корисен пристап во надминувањето на психолошкото страдање и подобрувањето на квалитетот на живот кај луѓето кои се справуваат со рак на дојка.

Клучни зборови: резилиентност, квалитет на живот, рак на дојка